# 327. АЈДЕ ПОПАДИЈО МОРИ




Ајде попадијо, мори,
глава да се миеш.
Како да се мијам, бре попе,
когај вода немам.

Станал сирома попот,
вода и донесол.
Ајде, попадијо мори,
глава да се миеш.

Како да се мијам, бре попе,
когај сапун немам.
Станал сирома попот,
сапун и донесол.

Ајде, попадијо,
глава да се миеш.
Како да се мијам, бре попе,
когај огин немам.

Станала попадија, море,
глава ќе се мие.
с коса нерасплетена,
с раци незасукани.

Станал сирома попот,
огин и завалил.
Ајде, попадијо мори,
глава да се миеш.

Си зеде попот суровица,
девет удри едно броел,
еве ти вода и сапун,
еве како глава се мие.

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995